# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

Фонд за здравствено осигурување на Македонија

ИНФО БИЛТЕН ИЗДАНИЕ БР. 44/2014 ЈУЛИ

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# Содржина

НОВИНИ ........ 3

1. Здравствена заштита од страна на дежурни тимови на матични лекари и дежурните служби и во Поликлиника Идадија ........ 3

КАКО ДО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ДИЈАЛИЗА ВО СТРАНСТВО ........ 5

2. Остварување на право на дијализа во странство ........ 5

3. Искористување на здравствената услуга за Биомедицински потпомогнато оплодување (БПО) на товар на ФЗОМ заклучно со април 2014........ 6

ЛЕКОВИ ........ 9

4. Нови измени во Позитивната листа на лекови ........ 9

Е-УСЛУГИ ........ 12

5. Реализација на Проектот „Електронска здравствена картичка“ ........ 12

КОНГРЕСИ ........ 14

6. Директорката на ФЗОМ, Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова на XIX-та Меѓународна летна школа за менаџмент на институции кои обезбедуваат здравствени услуги во организација на Европскиот центар за мир и развој (ECPD) при Универзитетот на ОН го претстави македонскиот здравствен модел и успешните резултати од реформите во здравството ........ 14

РАБОТИЛНИЦИ ........ 17

7. Учество на ФЗОМ на годишна работилница со Здружение на приватни лекари на Македонија – благодарница за директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова ........ 17

ПРОМОЦИЈА НА ВОДИЧ ........ 19

8. Промовиран Водич за раст и нарушување на растот ........ 19

ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ ........ 21

9. Едукативни работилници со пензионерите во Тетово и Гостивар........ 21

## НОВИНИ

### 1. Здравствена заштита од страна на дежурни тимови на матични лекари и дежурните служби и во Поликлиника Идадија

**Фондот за здравствено осигурување на Македнија** ги извести **сите осигурени лица** дека **од 1 април 2014** можат да добијат **здравствена заштита од страна на дежурни тимови на матични лекари во дежурните служби и во Поликлиника Идадија** (освен на другите поликлиники), **секоја сабота од 07:30 до 19:30 часот.** Со ова се овозможува во сите поликлиники на подрачјето на град Скопје да има континуирана здравствена заштита за сите осигуреници. Дежурната служба си работи континуирано и во ноќните часови, недела и државни празници.



Со повторното активирање на дежурната служба во поликлиника Идадија, се релаксира гужвата во поликлиникитета Ѓорче Петров, Бит Пазар и осигурениците кои гравитираат кон центар и осигурениците од Карпош и од Центар им се олеснува достапноста во користењето на потребните здравствени услуги, поблиску до местото на живеење.



**Сите избрани лекари кои имаат склучено Договор** за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита, **односно сите матични лекари ќе бидат вклучени во дежурствата кои се организирани од страна на ЈЗУ Здравствен дом Скопје.**

**Списокот на дежурни лекари е објавен на web страната на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Лекарска Комора на Македонија и ЗПРЛМ во посебен дел за дежурства.**

**Целта на овие дежурства е да се пружи здравствена заштита на осигурениците на кои им е потребна неодложна медицинска помош особено за акутни состојби како што се:** дехидратација, состојби со висока температура, покачен крвен притисок, главоболка, градна болка, гушење, бубрежна болка, повреди и друго.




**Предвидено е дежурните лекари да можат да пропишат рецепти на дванаесет генерики на лекови на товар на Фондот за горенаведените состојби и заболувања** кои осигуреникот може веднаш да ги подигне во аптека.

**Дежурните служби се организирани во повеќе општини** на територијата на град Скопје и тоа во:

- Поликлиника Чаир
- Поликлиника Јане Сандански
- Поликлиника Шуто Оризари
- Поликлиника Драчево
- Поликлиника Бит Пазар
- Поликлиника Ѓорче Петров и
- Поликлиника Ченто



# КАКО ДО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ДИЈАЛИЗА ВО СТРАНСТВО

## 2. Остварување на право на дијализа во странство

Хроничната бубрежна инсуфициенција е заболување од посебен интерес за Република Македонија за кое е неопходно потребен континуиран хемодијализен третман. Од тие причини како и имајќи ја во предвид и уставно загарантираната слобода на движење на граѓанинот на Република Македонија и надвор од нејзината територија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија им излезе во пресрет на овие осигурени лица и во својата правна регулатива го воведе **ПРАВОТО НА ДИЈАЛИЗА ВО СТРАНСТВО НА ТОВАР НА ФОНДОТ. Со воведувањето на ова право осигурените лица кои привремено престојуваат во странство, на товар на средствата на Фондот еднаш во годината и тоа не подолго од 30 дена, можат да користат дијализа во странска здравствена установа.**



**Платените здравствени услуги, Фондот ги признава во висина на утврдената референтна цена за дијализа, намалени за висината на пропишаното учество, врз основа на поднесено барање од осигуреното лице.**

Осигуреното лице барањето за надомест на средства за извршени здравствени услуги за дијализа во странство (Образец ДС) може да го поднесе во Подрачните служби на Фондот и во прилог на истото треба да достави:

- Медицинска документација за извршените здравствени услуги за дијализа во странство преведена од овластен преведувач;
- Сметки / фактури со доказ за плаќање за платените здравствени услуги за дијализа преведени од овластен преведувач и
- Доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

Фондот е целосно посветен да овозможи што поголема достапност на здравствените услуги на своите осигурени лица како во земјата така и во странство.

## 3. Искористување на здравствената услуга за Биомедицински потпомогнато оплодување (БПО) на товар на ФЗОМ заклучно со април 2014

Избраниот лекар – гинеколог, од приложената документација, потврдува дека кај осигуреното лице постојат медицински индикации (согласно Правилникот за критериумите за склучување договори и постапка за остварување на правото и начинот на плаќање на здравствените услуги за биомедицинско потпомогнато оплодување во здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна здравствена заштита) и предлага започнување на БПО постапка.



Во прилог на Предлогот се доставува целокупната потребна медицинска документација, во оригинал со докази за валидност (потпис, печат и факсимил од медицинско лице и здравствена установа).

Преглед на барања на БПО постапка на терет на ФЗОМ

| 2013 година | Вкупно | Позитивни | Потребна дополнителна документација | Негативни |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно за 2013г.** | **1718** | **1039** | **656** | **6** |

| 2014 година | Вкупно | Позитивни | Потребна дополнителна документација | Негативни |
|---|---|---|---|---|
| Јануари-април прво дете | 603 | 338 | 265 | 0 |
| Јануари-април второ дете | 68 | 56 | 12 | 0 |
| **Вкупно за 2014** | **671** | **394** | **277** | **0** |

**Потребно е матичните гинеколози внимателно ги следат пациентите кои се обидуват да го остварат правото за БПО, за да се намали бројот на случаи кои се враќаат за дополнителна медицинска документација.** Ова е со цел осигурениците

навремено да го добијат ваучерот со кој им е овозможено да започнат со постапката за БПО во една од седумте здравствени установи со кои ФЗОМ има склучено договор за услугата БПО.



Истовремено, ФЗОМ планира едукативни работилници за матичните гинеколози за постапката и документацијата за да го оствари правото на БПО на товар на ФЗОМ.

**Потребна медицинска документација која треба да ја подготви избран лекар-гинеколог:**

- Медицинска документација дека се извршени една или повеќе од следните методи: ХСГ и/или лапараскопија и хистероскопија, и/или лапаротомијаЕхографски преглед со морфологија на матка и јајници

- Кај азооспермија за утврдување на неплодност, покрај биопсија на тестис задолжителен е и патохистолошки наод

- Документи за направени две или повеќе анализи на спермата со најмаку еден месец разлика меѓу нив во повеќе од една здравствена установа, која има дозвола од Министерството за здравство за вршење на таа дејност, а последната анализа да не е извршена пред повеќе од една година пред поднесувањето на барањето (кај машки фактор на стерилитет да се доставаат покрај задолжителните и постарите спермограми);

- Податоци за неплодност за период од најмалку три години, лекувана со конвенционални методи, со реализирани најмалку четири циклуси на интраутерална инсеминација (IUI) со пауза од два циклуса помеѓу секоја инсеминација

- Резултати од извршена анализа на хормонален статус на трети ден од циклус : FSH, LH, PRL, E2, TSH (не постари од шест месеци)
- PAP skrining (не постар од една година доколку бил уреден)

- Микробиолошки брисеви од вагина и цервикс (Ureaplasma, Mycoplasma и Chlamidia trachomatis) не постари од шест месеци

- Маркери за Hepatit B i C, HIV за двајцата брачни партнери (не постари од шест месеци)

- Крвна слика, гликемија, седиментација (не постари од шест месеци)

- Друга медицинска документација во зависност од здравствениот статус на брачниот пар (извршени дијагностички или оперативни интервенции во врска со стерилитет, извршени инсеминации, извршени ин витро фертилизации, останати заболувања, терапија и мислење од специјалисти, останато).




- **За второ дете отпусно писмо и извод од матична книга на родени за детето, постаро од 18 месеци за првото породување со живородено дете**



# ЛЕКОВИ

## 4. Нови измени во Позитивната листа на лекови

23 генерики односно 85 заштитени имиња стануваат подостапни од 8 јули 2014 година за 250.000 осигуреници. Односно 733.000 рецепти осигурениците побрзо ќе ги реализираат. Новите промени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот се направени по барање на лекарите, но и врз основа на анализите на ФЗОМ, според кои се оцени дека има и медицинско оправдување за новата либерализација на овие лекови од позитивната листа.

Одлуката објавена во Службен весник на РМ со број 98 од 30 јуни 2014 година,опфаќа 2 измени во делот на **режимот на пропишување на одредени лекови**



- **Промена во режимот на пропишување од лек за употреба во болнички услови во лек кој може да се издава на рецепт во примарна здравствена заштита**

Измена е донесена со цел поедноставување на постапката за добивање на лек на товар на Фондот. Лековите опфатени со оваа промена ќе може да се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита и да се подигнуваат од аптека со договор со ФЗОМ. **Досега пациентите на кои им биле пропишани овие лекови биле приморани да ги купуваат со сопствени средства и да бараат надоместок (рефундација) на средствата од Фондот или истите ги подигале од болниците што претставуваше дополнително оптоварување за осигурениците. Измените опфаќаат 10 лекови по генерика со фармацевтска дозажна форма и јачина, односно 16 заштитени имиња на лекови**.

Лековите кои се префрлаат од болничка на примарна позитивна листа се лекови за епилепсија за паркинсонова болест, антидепресиви, лекови за трансплантација на органи и ткива и лекови за автоимуна невромускулна болест мијастенија гравис.

*Лекови кои се префрлени од болничка на позитивна листа*

- ***oxcarbamazepin*** ( Trileptal,Oxalept) кои се користат кај пациенти со епилепсија и истите ќе може да ги пропишува избран лекар по препорака од специјалист или субспецијалист

- ***levodopa+carbidopa+entacapone*** (Stalevo) лек за паркинсонова болест; ***pyridostigmine*** (Mestinon) лек за миастениа гравис-автоимуно невролошко и ***itraconazole*** (Orungal) лек за трансплантација на органи и ткива кои сега ќе може да ги пропишува избран лекар по препорака клинички конзилиум и

-***venlafaxine*** (Velafax, Velahibin, Zanfexa) лек од групата на антидепресиви и истите ќе може да ги пропишува избран лекар по препорака од специјалист .

- **Промена од R/RS, RS/RSS, RSS,на R, односно односно лековите ќе може да ги пропишува избран лекар без претходна препорака од специјалист или субспецијалист**

Како и претходната измена и оваа измена е донесена со цел поедноставување на постапката за добивање на лек на товар на Фондот.

Новиот режим на пропишување овозможува лековите кои се опфатени со погоре наведената Одлука, за кои досега беше потребна препорака од лекар специјалист или од лекар субспецијалист од повисоко ниво на здравствена заштита, сега ќе може самостојно да ги пропише избран лекар. Со ова ќе се намали бројот на упатувања, односно 250.000 дополнителни термини би се ослободиле во клиниките и болниците, а со тоа и повеќе време ќе имаат специјалистите да посветат внимание на пациентите.

Придобивка за осигурениците е дека ќе се скрати и времето кое што досега беше потребно да се добијат овие лекови на рецепт на товар на Фондот. Особено за осигурениците кои досега требале да патуваат до здравствените установи од повисоко ниво во други градови, а сега ќе можат само со посета на избраниот лекар да добијат рецепт за овие лекови.

**Кај 13 лека по генерика со фармацевтска дозажна форма и јачина, односно кај 69 заштитени имиња е извршена ваква промена**.

<u>Лековите опфатени со оваа измена се од групата на антибиотици, лекови за третман на желудник, лекови за покачен крвен притисок и срце, лекови против вртоглавица.</u>



Извршени се следните измени кај лековите наведени подолу

- ✓ Кај лекот ***pantoprazole*** (Controloc, Nolpaza, Zipantola, Acipan, Gastroloc, Pantoprazol Farmoz ) кој се користи за третман на желудник извршена е промена од RSS на

R, односно наместо по препорака од субспецијалист -гастроентерохепатолог сега истите **може да ги пропише избраниот лекар**

✓ Лекот ***bisoprolol*** (Concor,Bisobel,Bipresso, Bisoprolol, Byol,Bisocor) кој што се користи при висок крвен притисок и ангина пекторис и кој спаѓа во 10 најпотрошувани лекови според бројот на реализирани рецепти сега ќе може да го пропише избран лекар наместо по препорака на специјалист интернист или субспецијалит кардиолог како што беше досега.

✓ Со измената во режимот на пропишување кај лекот ***azithromycin*** (Sumamed,Azibiot, Hemomycin, Azatryl,Azitromicin,Azimed) од групата на антибиотици сега истиот покрај избраните гиниколози и педијатри ќе може да ги пропишува и избран општ лекар без препорака од специјалист



✓ Лекот ***clarithromycin***-Fromilid,Lekoklar,Klaricin,Uniklar,Zymbaktar, Meristat, Claritromycin од групата на антибиотици со оваа измена ќе може да ги пропишуваат сите јачини од овој лек избраните општи лекари наместо по препорака на специјалист истиот може да го пропишуваат избрани лекари.

✓ Кај лекот ***cinnarizin*** – Cinedil, Stugeron,Cinarizin лек кој се користи при вртоглавица извршена е промена од RS на R, односно наместо по препорака на специјалист истиот може да го пропишуваат избрани лекари.

# Е-УСЛУГИ

## 5. Реализација на Проектот „Електронска здравствена картичка“

Милион и пол електронски здравствени картички веќе им се предадени на осигурениците и се во употреба во Република Македонија. Оваа бројка претставува 85% од вкупниот број осигуреници во Македонија.

Во подрачните служби во моментот се наоѓаат 225.000 картички и чекаат осигурениците да дојдат и да си ги подигнат. Од оваа бројка, само 50.000 се од Скопје и се пензионери.

Барање за електронски здравствени картички се уште немаат поднесено 50.000 осигуреници од кои 13.000 се пензионери од Скопје. Апелираме во летниот период да дојдат и да поднесат барање, при што напоменуваме дека оваа обврска треба да ја завршат до први септември. Понатаму ќе се редуцираат шалтерите за барање и издавање електронски здравствени картички.

Треба да се напомене дека во континуитет имаме одлична соработка со Сојузот на пензионери на Македонија и апелираме оваа категорија граѓани , посебно во Скопје, да се обратат до општинското здружение на пензионери за да им се помогне логистички околу поднесувањето документи и околу подигнувањето на електронските здравствени картички, како што тоа веќе се прави и во останатите градови низ државата. Во Скопје, осигурениците, покрај во Подрачната служба на ФЗОМ-Скопје (до Црвениот крст на Македонија) може да се обратат и во истурените шалтери на ФЗОМ во Ѓорче Петров, Драчево, Ченто, Чаир, Шуто Оризари,како и во општина Илинден, а може да се јават за информации и на инфо линијата 0800 33222.




Електронските здравствени картички не се само замена за сините картони, туку значат и пристап кон новите електронски услуги во здравствениот систем. Од почетоткот на годината, со помош на ЕЗК, направени се 200.000 промени на избран матичен лекар (пријава-одјава) од страна на осигурениците, 120.000 промени на избран матичен стоматолог и 30.000 промени на избран матичен гинеколог. Од примената на ЕЗК директен бенефит имале 175.000 осигуреници кои во истиот момент со неа направиле промена на избраниот лекар и си ги оствариле правата од здравственото осигурување, како што се, издавање на рецепти, упати за преглед на специјали итн.

Со големо задоволство сакаме да ве информираме кои се градовите во Македонија со целосна покриеност на осигурениците со ЕЗК :

Во 6 градови има 100% покриеност со дистрибуирани и подигнати електронски здравствени картички. Тоа се градовите: Свети Николе, Брод, Кратово, Валандово, Крушево и Ресен.




Во 18 градови има над 90% предадени електронски здравствени картички на осигуреници. Најлош процент имаат Тетово со 81%, Велес со 80, како и Скопје со 71% предадени електронски здравствени картички.

Токму затоа, повторно апелираме до осигурениците, особено до пензионерите во Скопје, да го искористат летниот период и да си ја подигнат електронската здравствена картичка, или доколку немаат поднесено барање за издавање на електронска здравствена картичка, тоа да го сторат до први септември.

Сите потребни информации во врска со електронска здравствена картичка, осигурениците може да ја добијат на бесплатниот телфонски број **080033222,** а за да видат дали им е изработена картичката, може да пратат маил до Фондот на е-маил адреса info@fzo.org.mk, helpdesk@fzo.org.mk или самите да проверат на веб страната на Фондот, во делот мое осигурување https://moeosiguruvanje.fzo.org.mk/



# КОНГРЕСИ

## 6. Директорката на ФЗОМ, Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова на XIX-та Меѓународна летна школа за менаџмент на институции кои обезбедуваат здравствени услуги во организација на Европскиот центар за мир и развој (ECPD) при Универзитетот на ОН го претстави македонскиот здравствен модел и успешните резултати од реформите во здравството

Реформите и предизвиците во финансирањето на македонскиот здравствен систем е темата на која директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова имаше предавање на XIX Меѓународна летна школа за менаџмент на институции кои обезбедуваат здравствени услуги. XIX Меѓународна летна школа за менаџмент на институции кои обезбедуваат здравствени услуги се одржа 23 до 27 јуни 2014 година во Милочар, Република Црна Гора, со наслов „Здравствените системи на Југо-Источна Европа на крстопат – по декада на реформи, поглед кон иднината. Оваа меѓународна Летна школа за менаџмент на институции кои обезбедуваат здравствени услуги, е во организација на Европскиот центар за мир и развој, при Универзитетот на Обединетите Нации, кој е високо ценет во сферата на здравството и има силно влијание врз креаторите на здравствените политики во целиот свет, бидејќи претставува своевиден репер за менаџерите на здравствените установи ширум светот.

М-р Маја Парнарџиева-Змејкова беше поканета на овој стручен собир, да ги презентира своите искуства за успешните резултати во реформите во здравството и да ги претстави предизвиците со кои се справува Република Македонија пред Русмир Месиховиќ, министер за здравство на Република Босна и Херцеговина, Драган Богданиќ, министер за здравство на Република Српска, како и на домаќинот, Миодраг Радуновиќ, министер за здравство на Република Црна Гора и пред врвните менаџери на здравствените системи од регионот и Европа.





Предавањето на директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова ги опфати модалитетите за успешност на реформите во начините на плаќање, како што е плаќањето според дијагностичко сродни групи (ДСГ), воведувањето на уникатната алатка - условен буџет за целни групи на пациенти, континуирано следење на цените, поттикнување на конкуренција и зголемување на квалитетот на здравствените услуги, плаќање на специјалистички пакети за завршени епизоди на лекување.

Голем интерес предизвика делот од предавањето во врска со начините како да се постигнат поголеми ефекти со ограничени финансиски средства.

Иако светот е во финансиска рецесија, сепак Македонија го следи светскиот тренд на вложување во здравството, преку големи инвестиции во опрема, во обуки и усовршување на здравствените работници. Но и големи инвестиции во инфраструктурата и електронски услуги што Фондот ги нуди и во кои, во споредба со земјите од регионот, претставува лидер во нивната имплементација.

Полемики и дискусии предизвика и делот од презентацијата во врска со предизвиците со кои се соочува Фондот за здравствено осигурување на Македонија, како впрочем и другите здравствени системи и фондови, во однос на демографскиот фактор, односно стареењето на популацијата.

Парнарџиева-Змејкова ги објасни преземените чекори за Македонија да стане лидер во регионот во електронски услуги во здравството и ФЗОМ со проектот на електронска здравствена картичка, укинување на хартиените здравствени книшки, воведувањето на електронскиот упат и електронските рецепти го заокружува во целост интегрираниот електронски здравствен систем.



Покрај ФЗОМ, во дискусијата на школата посветена на здравствените реформи, менаџирањето на здравството и можните решенија за иднината на здравствените системи, учество земаа и Русмир Месиховиќ, министер за здравство на Република Босна и Херцеговина, Драган Богданиќ, министер за здравство на Република Српска, како и на домаќинот, Миодраг Радуновиќ, министер за здравство на Република Црна Гора.

На овој стручен собир свои презентации имаа и високи претставници на меѓународните тела за здравство, како и Тихомир Домазет, директор на хрватскиот Фонд за здравствено осигурување, Арне Бјорнберг, претседател на Евро индексот за здравство (EHCI) и бројни еминентни експерти во сферата на здравството од Шведска, Велика Британија, Хрватска и Србија.

Овој стручен собир е најголем од овој вид во Југо-источна Европа во однос на претставување на преземените реформи во здравствените системи во Европа.

# РАБОТИЛНИЦИ

## 7. Учество на ФЗОМ на годишна работилница со Здружение на приватни лекари на Македонија – благодарница за директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова

Личниот влог, посветеноста и поддршката кој приватните лекари ја имаат во директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева-Змејкова е причината зошто др.спец. Лилија Чолакова Дервишова, претседателот на Здружението на приватни лекари на Македонија и додели благодарница на директорката на ФЗОМ за несебична поддршка и соработка на Здружението на приватни лекари на Македонија. Фактот дека во Фондот за здравствено осигурување на Македонија приватните лекарии имаат партнер за соработка, влијае на подобрување и на состојбите во здравството, но е и од директна korиста и за пациентите и за самите лекари.



Ваквото признание за успешна соработка не е резултат само на една личност, туку на целиот мој тим во ФЗОМ. Парнарџиева-Змејкова се заблагодари за Здружението на приватни лекари на Македонија за благодарницата и истовремено се заблагодари на вработените на ФЗОМ, кои со својата работа придонесуваат Фондот да биде ефикасна и транспарантна институција.



Отвореноста, професионалноста, како и фактот дека вработените во ФЗОМ се секогаш достапни за било кои дилеми, предизвици или проблеми кои ги имаат приватните лекари во Македонија, професионалноста но и личниот однос да се излезе во пресрет на барањата на лекарите, онаму каде е ота во надлежност на Фондот, е причината зошто ЗПЛРМ му додели признание и на Бранко Аџигогов, советник во ФЗОМ. Аџигогов се заблагодари за признанието и истакна дека е задоволство да се биде дел од успешниот тим на Парнарџиева-Змејкова и посветено да се работи во интерес пред се на осигуренците.

Темата за која се дискутираше на годишната работилница беше превенцијата како голем проект на Фондот и на Владата на Македонија и за кој Парнарџиева-Змејкова се заблагодари на поддршката и вклученоста на лекарите во неговата имплементација. Наскоро ФЗОМ ќе има податоци за првите шест месеци какви се резултатите од скринингот на населението во однос на навиките на населението. Овие податоци ќе бидат појдовна точка, за во идниот период да може да се види кавко е движењето и какви се навиките во однос на здравјето на целата популација. Ќе можеме како држава да имаме релевантни податоци какви се бројките на населението во однос на прекумерната тежина, трите најчести незаразни заболувања, кардиоваскуларните заболувања, бубрежните заболувања и дијабетесот. Овие податоци се од голема корист при креирањето на здравствените прилики но и сознанија за тоа какви се тековните здравствени трендови.



# ПРОМОЦИЈА НА ВОДИЧ

## 8. Промовиран Водич за раст и нарушување на растот

„Растот не е само сантиметри...растот е показател на целокупното здравје“ беше мотото на прес-конференцијата што ја организираше Здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања „Раст“ во соработка со Фондот за здравствено осигурување на Македонија и ЈЗУ Здравствен дом-Скопје на 05 јуни 2014 година. Ова мото е и суштината на првиот „Водич за раст и нарушувања на растот“ што го презентираше здружението, а кој, според Александар Петровски, претседател на „Раст“ дава многу одговори и практични совети поврзани со нарушувањата на растот. Овој водич ќе им биде од огромна помош на родителите кај чии дечиња е поставена дијагноза за некакво нарушување на растот. Истовремено, водичот е дел од кампањата за рано препознавање на нарушувањата на растот што ја реализира Здружението.

Според Петровски, успешното лекување на децата со ендокринолошки заболувања нема да беше можно без огромниот ангажман на Фондот за здравствено осигурување. Директорката на ФЗОМ м-р Маја Парнарџиева-Змејкова , како што нагласи Петровски, покажа разбирање за сите проблеми на децата со ендокринолошки заболувања и сесрдно се труди да им се овозможи на овие деца најадекватно лекување.




За партнерскиот однос, несебичната поддршка и придонес во унапредувањето на грижата за сите деца и децата со нарушувања во растот, Фондот за здравствено осигурување на Македонија доби благодарница од Здружението на родители на деца со ендокринолошки заболувања „Раст“.







Заблагодарувајќи се на признанието директорката на ФЗОМ Парнарџиева-Змејкова истакна дека Фондот е институција која постои за да им обезбеди најадекватна здравствена заштита на нашите осигуреници. А, токму нашите осигуреници преку своите здруженија најдобро можат изворно да не информираат со кои проблеми се соочуваат во остварувањето на правата од здравственото осигурување и со своите предлози и нам да ни помогнат да го подобриме квалитетот на животот на лицата со различни заболувања .

Здружението „Раст“ донираше 14 подвижни висинометри на ЈЗУ Здравствен дом-„Скопје“ наменети за советувалиштата за следење на растот и развојот кај децата. Донацијата ја прими и на неа се заблагодари д-р Татјана Баевска-Вучковиќ, директор на Здравствен дом- „Скопје“.

# ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ

## 9. Едукативни работилници со пензионерите во Тетово и Гостивар

На деветата едукативна работилница во Тетово, наменета за пензионерите за едукација во однос на нивните права од здравствено осигурување, како и запознавањето со определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ, директорката Парнарџиева Змејкова се заблагодари на Сојузот на пензионери и на Црвениот крст за успешно реализирање на едукативните работилници кои имаат цел да го зголемат нивото на информираност на пензионерите за нивните права од здравственото осигурување.





Во своето обраќање до пензионерите, Парнарџиева-Змејкова истакна дека целта на едукативните работилници е информирање на пензионерите како да ги остварат што побрзо и полесно правата од здравствено осигурување, можностите за рехебилитација, бањското лекување како продолжена рехабилитација, рефундирањето на трошоците за лекување и лекови и слично. Истовремено, на работилницата имаше и презентација за трите најчести хронични заболувања кај оваа популација – кардиоваскуларните заболувања, бубрежната слабост и дијабетесот, можностите за превенција и какви редовни прегледи да се вршат, рече Парнарџиева-Змејкова.

Во врска со проектот електронска здравствена картичка, директорката Парнарџиева-Змејкова информираше дека околу 2.600 пензионери од Тетово и Гостивар се уште немаат поднесено барање за добивање електронска здравствена картичка и апелираше до сите пензионери кои се уште не поднеле вакво барање тоа да го сторат во следниот период, а ФЗО до крајот на јуни ќе ја заврши целата процедура и електронските

здравствени картички ќе им бидат издадени картички.

- Иако на државно ниво околу 90 отсто од граѓаните веќе ја користат електронската здрвавствена картичка во Тетово оваа бројка изнесува само околу 75 отсто, а во нашите служби тука се уште имаме неподигнати 25.000 електронски здравствени картички. Според нашите податоци и околу 4.600 граѓани од Тетовско што примаат плата немаат поднесено барање за електронска здравствена картичка, изјави Парнарџиева-Змејкова.



Во работилницата во Тетово, исто така се обрати и директорот на ФЗОМ, Џемали Мехази кој истакна дека пензионерите како целна група на осигуреници се могу важни и токму затоа ФЗОМ е секогаш отворен за соработка со нив да им излезе во пресрет на нивните потреби, онаму каде е тоа во надлежност на Фондот.

Директорката Парнарџиева-Змејкова потоа продолжи на десетата едукативна работилница во Гостивар, каде пред присутните 50-тина пензионери ја образложи целта на работилниците, која е постигнување на поефикасно доближување на услугите од Фондот до граѓаните и здравствените осигуреници.





Планирано е во 2014 година ФЗОМ вкупно да одржи 15 работилници ширум целата држава. Ваквиот потег на стручната екипа на на Фонд и вложените напори за доближување на услугите преку непосредни контакти и посети во градовите, наидува на силна поддршка не само кај пензионерите, туку и кај сите други корисници на здравствените услуги.